# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНИСКА АДМИНИСТРАЦИЈА –ДРЖАВНИ И ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И НА ИЗБРАНИ ЛИЦА ЗА ПЕРИОД ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ, 2019 ГОДИНА

Февруари, 2020

Заедницата на единиците на локалната самоуправа– ЗЕЛС , во посебениот сегмент од своето дејствување кон општините, е посветена на реализација на активности поврзани со градење на капацитети на административните службеници на општините.

Планот за обуки за 2019 година, содржи 19 тематски единици распределени во 13 области – урбанизам(2), право(1), финансии(1), човечки ресурси(2), односи со јавност (1), животна средина(2), образование (1), локален економски развој(2), информатичко-комуникациски технологии(1), ЕУ интеграции и фондови (1), локален патен сообраќај (2), сертифицирани обуки (2) и проектни обуки (2). Во подготовка на Годишниот план за обука 2019 учествуваа секретарите на единиците на локалните самоуправа на посебна работилница.

Согласно годишните програмски проекции, во 2019 година се реализирани 13 тематски единици од Планот. Вкупно се спроведени 23 активности за градење на капацитети, и тоа: 11 работилници, 18 обуки и една конференција на кои биле опфатени 881 лице од општинската администрација и општинските совети. Обуките се одржуваа најчесто како полу или еднодневни во ЗЕЛС Тренинг центарот во Скопје, со што се бележи максимална искористеност во однос на одржување на планирани обуки.

При анализа на реализацијата на активностите за градење на капацитети се забележуваат два предизвика. Едниот се однесува на ангажирање експерти, при што кај обуките каде веќе од трети страни истите се обезедени (на пример кај проектните и сертифицирани обуки), реализацијата се одвива со предвидена динамика за одржување обуки. Таму каде што експертите би требало да се обезбедат, пред сѐ, од централните државни институции, се бележи застој, дури и неспроведување на планираните тематски модули.
Вториот предизвик се однесува на поклопување на тематските модули на ЗЕЛС со оние што во текот на годината за одреден надомест ќе ги испромовира одредена приватна агенција, а со истите предавачи кои подолго време ЗЕЛС бара да ги ангажира. Заради потребата од стекнување знаење во секојдневното работење, општините одвојуваат значителен износ средства за обука на своите вработени во приватните тренинг агенции наспроти истата бесплатна услуга што ја нуди ЗЕЛС.
Воедно, годините кога се спроведуваат изборни циклуси во државата, како што беше и во 2019г., бележат две насоки на забавување во реализација: одложено спроведување на активностите со ризик да не се имплементираат или многу ниска посетеност на истите.

***

Во прегледот даден во продолжение, нумерички и текстуално се претставени активностите што се спроведени во оваа компонента од работењето на ЗЕЛС во 2019 година, и тоа врз основа на :

**А). Број на одржани обуки, работилници и конференции:**

## 1. Спроведени согласно План за обуки на ЗЕЛС.

Согласно Планот за обуки, во 2019 година се спроведени 13 тематски модули, од вкупно 19 распределени во 13 области, што бележи реализација на Планот од 68,42%. Најмногу активности се евидентирани во проектните и сертифицирани обуки, а најголем број учесници се забележани во областа на животна средина и човечки ресурси. Од вкупниот број учесници, 51% присуствувале на обуките реализирани согласно годишниот План за обуки. Останатите 49% се однесуваат на број на учесници на ад-хок/дополнителни обуки спроведени во 2019 година.

| **Област** | **Број на реализирани теми** | **% во однос вкупно теми по област** | **Број на учесници** | **% во однос на годишен број на учесници** |
|---|---|---|---|---|
| Човечки ресурси | 2 (2) | 100% | 112 | 13 |
| Образование | 1(1) | 100% | 20 | 2 |
| ЛЕР | 1(2) | 50% | 17 | 2 |
| Животна средина | 3 (2) | 100% | 143 | 17 |
| ИТ | 1 | 100% | 21 | 2 |
| Сертифицирани обуки – БФЦ ЈИЕ | 1(2) | 100% | 12 | 1 |
| Сертифицирани обуки - Закон за градежно земјиште | 1 | 100% | 40 | 5 |
| Проектни обуки – општински совети | 2 | 100% | 33 | 4 |
| Проектни обуки – Родово одговорно буџетирање | 2 | 100% | 48 | 5 |
| | | | | |
| | | | 446 | 51 |

## 2. Дополнителни или/и ад хок активности за градење на капацитети

→ Презентација на проект за подобрување на социјални услуги, во соработка со УНДП и Министерство за локална самоуправа.

→ Процес на идентификација на проекти за подобрување на локална патна инфраструктура, во соработка со Светска банка

→Во соработка со ГИЗ, ЗЕЛС организираше обуки и Конференција во рамки на проектот „Одржлива урбана мобилност во земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ)“.

→ Подобрување на социјални услуги во соработка со Министерство за труд и социјална политика

→ Инспекциски надзор во животна средина во САД, во соработка со Амбасада на САД во Скопје

→ Примена на Закон за инспекциски надзор, во соработка со Инспекциски совет.

→ Национален портал е-услуги, во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација

**Б). Категоријата на лица опфатени со активностите за градење на капацитети , односно наменети за :**

а) Избрани функционери на локално ниво

б) Општинска администрација – административни службеници.

| **Одржани активности за градење капацитети во 2019 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр** | **Тема** | **Целна група** | **Период/ Место** | **Бр. на учесници** | **Вид на активност** |
| 01 | Презентација на проект за подобрување на социјални услуги | Мрежа за урбанизам и вработени задолжени за социјални дејности | Јануари, Скопје | 49 | Работилница |
| 02 | Подотовка на предлог годишен план за обука | Секретари на ЕЛС | Јануари, ЗТЦ Скопје | 35 | Работилница |
| 03 | Процес на идентификација на проекти за подобрување на локална патна инфраструктура | Градоначалници и претставници на општинска администрација | Јануари | 27 | Работилница |
| 04 | Можности и предизвици во локален економски развој | Членови на совети на ЕЛС | Април | 13 | Работилница |
| 05 | Изготвување Функционална анализа | Мрежа за човечки ресурси | Мај, Јуни | 68 | Обука |
| 06 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | Јуни, ЗТЦ Скопје | 40 | Обука |
| 07 | Финансирање и Буџет | Членови на совети на ЕЛС | Јуни, Скопје | 20 | Работилница |
| 08 | Одржлива урбана мобилност во земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ) | Мрежа за енергетска ефикасност | Јули, август, септември | 116 | Обуки и Конференција |
| 09 | Стратегија за реформа на јавна админстрација | Мрежа за човечки ресурси | Септември, октомври | 44 | Работилница |
| 10 | Предизвици на локална самоуправа во средно стручно образование | Мрежа за образование | Октомври | 20 | Обука |
| 11 | Подобрување на социјални услуги | Мрежа за ЛЕР и вработени задолжени за социјални дејности | Октомври, ЗТЦ Скопје | 49 | Работилница |
| 12 | Зајакнување на општински капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирањ | Координатори за еднакви можности во ЕЛС | Октомври, ЗТЦ Скопје | 27 | Работилница |
| 13 | Зајакнување на капацитети за родови политики и родово одговорно буџетирање | Градоначалници и претседатели на Совет | Ноември, Струга | 21 | Обука |
| 14 | Закон за прекршоци применет | Мрежа за животна | Ноември, | 47 | Обука |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во животна средина | средина | ЗТЦ Скопје | | |
| 15 | Инспекциски надзор во животна средина во САД | Мрежа за животна средина | Ноември, ЗТЦ Скопје | 29 | Работилница |
| 16 | Примена на Закон за инспекциски надзор | Инспектори во ЕЛС | Ноември, ЗТЦ Скопје | 57 | Работилница |
| 17 | Национален портал е-услуги | Општинска администрација | Ноември, ЗТЦ Скопје | 26 | Работилница |
| 18 | Подготовка на стратешки план за развој на ЕЛС | Мрежа за локален економски развој | Декември, ЗТЦ Скопје | 17 | Обука |
| 19 | Елаборати во животна средина | Мрежа за животна средина | Декември, ЗТЦ Скопје | 62 | Обука |
| 20 | Користење, испуштање и заштита на води, и надоместоци | Мрежа за животна средина | Декември, ЗТЦ Скопје | 37 | Обука |
| 21 | Б-интегрирани еколошки дозволи (Б-ИСКЗ) | Мрежа за животна средина | Декември, ЗТЦ Скопје | 44 | Обука |
| 22 | Безбедност на ИТ-инфраструктура и Најчести дефекти на компјутери кои користат софтвери на ЗЕЛС | Мрежа за ИТ | Декември, ЗТЦ Скопје | 21 | Обука |
| 23 | Сертификација на општини со поволно деловно опкружување (БФЦЈИЕ) | Администрација на Град Скопје | Декември, ЗТЦ Скопје | 12 | Обука |
| **ВКУПНО** | | | | **881** | |